ДОКАЗИ

ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ НА ПОКРИВАЊЕ НА ЛИЦЕТО НА ЖЕНАТА

بسم الله الرحمن الرحيم

Вовед:

Сета благодарност му припаѓаат само на Возвишениот Аллах, Господарот на световите, а благословот и мирот и спасот нека бидат врз нашиот благороден Пратеник ﷺ, неговото семејство, неговите другари и оние кои го следат неговиот пат до Судниот ден. А потоа...

Во исламот, хиџабот и никабот се пропишани како дел од концептот за скромност и чистота. Жената е повикана да се покрие и да ја зачува својата чест, следејќи ги заповедите на Возвишениот Аллах и Пратеникот ﷺ.

Никабот, како дел од облеката на муслиманката, е предмет на дискусија меѓу исламските научници, но многумина го сметаат за обврска, особено во услови на искушенија и расипаност во општеството. Овој текст има за цел да ги разгледа доказите за обврската на никабот, мудроста зад неговото пропишување и неговото влијание врз жената и општеството. Носењето никаб не претставува ограничување, туку израз на покорност кон Аллах и средство за зачувување на чедноста и достоинството на муслиманката.

Сестро, твојата чесност, скромност, чистотата и достоинството се одразуваат преку носењето на хиџаб, а ако прашаш зошто? Одговорот е:

Затоа што во него има задоволство на Господарот твој, кој им нареди на жените да се покриваат.

Возвишениот Аллах вели:
(„О, Веровеснику, кажи им на жените свои, и на ќерките свои, и на жените на верниците <u>нека си го покријат целото тело со своите наметки.</u> Така најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат вознемирувани. А Аллах простува и Милостив е.[1]

Умму Селеме, сопругата на Пратеникот ﷺ рече кога беше објавен овој ајет: Жените од Енсарите излегоа, тие носеа црни наметки“.
Затоа, размисли, сестро моја, за брзиот одговор на асхабијките, Аллах да биде задоволен од нив, на она што Аллах го заповедал.
Бидејќи тоа е тврдина за жените од зло, затоа размислете за Говорот на Возвишениот Аллах: (**Така најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат вознемирувани**) што значи: Ако муслиманка носи хиџаб (никаб), ова ќе ја спречи штетата на неморалните и луѓето волци кои лежат во заседа за

[1] Суре ел-Ахзаб 59 ајет

муслиманките и на тој начин ќе ја зачувате својата чедност.

Затоа што во него има чистота. Аллах Семоќниот рече: (**А кога нешто ќе побарате од нив, побарајте го од нив од зад завеса. Тоа е најчисто за вашите срца и нивните срца.)** Го опиша превезот како чистота за срцата на мажите и жените, затоа што ако окото не гледа, срцето не посакува. Срцето е почисто кога не гледа, а отсуството на искушение е поочигледно, бидејќи превезот ги отсекува желбите на оние со болни срца.

Затоа што во него е твојот иман, како што рекол Возвишениот Аллах: (**И кажете им на верничките**) и Возвишениот Аллах рече: (**и жените на верниците**), затоа размислете за ова!

وَقُل لِّلْمُؤْمِنَاتِ يَغْضُضْنَ مِنْ أَبْصَارِهِنَّ وَيَحْفَظْنَ فُرُوجَهُنَّ وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا مَا ظَهَرَ مِنْهَا ۖ وَلْيَضْرِبْنَ بِخُمُرِهِنَّ عَلَىٰ جُيُوبِهِنَّ ۖ وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا لِبُعُولَتِهِنَّ أَوْ آبَائِهِنَّ أَوْ آبَاءِ بُعُولَتِهِنَّ أَوْ أَبْنَائِهِنَّ أَوْ أَبْنَاءِ بُعُولَتِهِنَّ أَوْ إِخْوَانِهِنَّ أَوْ بَنِي إِخْوَانِهِنَّ أَوْ بَنِي أَخَوَاتِهِنَّ أَوْ نِسَائِهِنَّ أَوْ مَا مَلَكَتْ أَيْمَانُهُنَّ أَوِ التَّابِعِينَ غَيْرِ أُولِي الْإِرْبَةِ مِنَ الرِّجَالِ أَوِ الطِّفْلِ الَّذِينَ لَمْ يَظْهَرُوا عَلَىٰ عَوْرَاتِ النِّسَاءِ ۖ وَلَا يَضْرِبْنَ بِأَرْجُلِهِنَّ لِيُعْلَمَ مَا يُخْفِينَ مِن زِينَتِهِنَّ ۚ وَتُوبُوا إِلَى اللَّهِ جَمِيعًا أَيُّهَ الْمُؤْمِنُونَ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ

А кажи им на верничките нека ги спуштат погледите свои и нека ги чуваат срамните места свои; и нека не ги покажуваат украсите свои освен тоа што е и онака надворешно, и нека ги спуштат веловите свои на градите свои; нека не им ги покажуваат украсите свои на другите, освен на мажите свои или на татковците свои, или на татковците на мажите свои, или на синовите свои, или на синовите на мажите свои, или на браќата свои, или на синовите на браќата свои, или на синовите на сестрите свои, или на пријателките свои, или на робинките свои, или на мажите кои немаат потреба за жени, или на децата кои сè уште не знаат кои се срамните места на жените; и нека не удираат со нозете свои за да не се чуе звукот на накитот нивен кој го покриваат. И

покајте се сите заедно пред Аллах, о, верници, за да бидете успешни[2].

ПРВ ДОКАЗ ОД КУР'АН:

Се пренесува дека Аиша, радијаллаху анха рече: „Аллах да им се смилува на првите жени мухаџирки. Кога Возвишениот Аллах објави „**И нека ги спуштат веловите свои над градите**“, ги раскинаа наметките и се покриваа со нив (ар. глагол „ихтемерне“).[3]“

ВТОР ДОКАЗ ОД КУР'АН:

Најпознатиот коментатор на збирката на Бухари, хафиз Ибн Хаџер ел-Аскалани, во својот коментар на овој хадис рекол: „Зборовите на Аиша „ихтемерне“ (завеса) значат дека тие ги прекриле (покриле) своите лица“[4]

[2] Сура ен-Нур 31 ајет
[3] хадисот го забележаа ел-Бухари, Ебу Давуд, Хаким, Бејхеки и Ибн Џерир
[4] Фетхул-Бари 8. /490.

ТРЕТ ДОКАЗ ОД КУР'АН:

Рекол познатиот муффесир (коментатот на Аллаховата книга) Шејх Мухамед ибн Емин еш-Шенкити: „Овој хадис јасно укажува на тоа дека споменатите асхабијки од зборовите на Возвишениот Аллах: „**И нека ги спуштат превезите на своите гради**" и сфатиле дека мораат да ги покријат нивните лица, што и го направија; откако ги искинаа своите наметки, ги покриваа лицата и на тој начин ја послушаа Аллаховата наредба."[5]

Овој ајет зборува за обврската да се покрие лицето со 6 аспекти:

ЧЕТВРТИ ДОКАЗ ОД КУР'АН:

Аллах ја објави Својата вера со наредба на срам, морал и чесност, и забрана на се што претставува разврат, неморал и блуд и се што води до тоа. Иако претходните верски закони се разликуваа едни од други во одредени прописи, од пратеник до пратеник, секоја објава беше испратена и секој

[5] Адваул-Бејан 6./595.-596.

пратеник доаѓаше со наредба за чедност (морал) и забрана на блудот.

Наредено е да се чуваат интимните делови и да се спречат работи кои водат до блуд[6], и еден од најефикасните начини несомнено е покривање на лицето, бидејќи откривањето на лицето е повод да се погледне во него, желба, обид,...

ПЕТТИ ДОКАЗ ОД КУР'АН:

Ако Куранскиот ајет им наредува на жените да ги спуштат превезите над градите, тогаш потребно е тие да го покријат лицето.

Зошто, од каде тој превез треба да падне (спушти) на градите, ако не од главата преку лицето?

На крај, што значи терминот „химар" на арабски, збор што се користи за предмет што жените мора да го спуштат на своите гради? Како изгледа и што покрива?

[6] Пр. Поглед, осамување на жената со маж кој не му е махрем, безпотребен разговор помеѓу маж и жена, мешање мажи и жени, ракување...

„Химар го има значењето на сè со кое нешто е покриено. Во значењето на покривање жена пред мажи (странци), химар значи: покривка со која жената ја покрива целата глава“.[7]

„Химар стана познат како парче облека со кое жената ја покрива главата.[8]

Дури и денес, облеката што ја покрива целата глава, без никаков исклучок, се нарекува химара. Како таков се смета во Јордан, Сирија, Палестина, Ирак и други места.

ШЕСТИ ДОКАЗ ОД КУР’АН:

Ако жената е веќе обврзана да ги покрие косата, ушите и вратот[9], зошто да не го покрие лицето, бидејќи тоа е местото на препознавање, местото каде што започнува заведувањето, местото на изворот на збунетоста. Колку и да западната

[7] Ез-Зубејди : “Таџул Арус”

[8] Ер-Рагби ел-Есфахани: “Ел-Муфредат”

[9] За покривањето на овие делови од телето се сложуваат и оние кои покривањето на лицето не го сметаат задолжително, т.е. и тие покривање на коса, уши, врат, подлактица ги сметаат задолжителни.

некултура и медиумите ја наметнуваат голотијата на жената, оние кои убавината ја бараат кај жената првенствено се прашуваат за нејзиното лице, а неговата убавина е секогаш пресудна.

Па, ако сфативте дека е така, дали Аллах ѝ нареди на жената да го покрие вратот, ушите, косата, па дури и лактот и да го остави лицето непокриено? Дали постои таква противречност во Аллаховата вера?

СЕДМИ ДОКАЗ ОД КУР'АН:

Возвишениот Аллах вели:

إِلَّا مَا ظَهَرَ مِنْهَا

"…**освен тоа што е и онака надворешно**…"[10]
Затоа, не кажа „освен она што таа веќе го покажа (откри)", туку „**освен тоа што е и онака надворешно** (што секако се гледа кај неа)".

[10] Сура Ен-Нур 31 ајет

Некои велеа дека ова се однесува на облеката, други дека се однесува на висината, а некои дека се однесува на самата конституција на жената која не може да се сокрие (тоа и онака е надворешна).

Ибн Кесир рекол: „Ибн Месуд мисли дека тоа е облека и долни покривач. Истото мислење го имаат Хасан ел-Басри, Мухамед ибн Сирин, Ебул-Џевзи, Ибрахим ен-Нехаи и други.”[11]

Кажа Мустафа ел-Адеви:
„Во книгите пред нас, не успеавме да најдеме никакво веродостојно предание во кое некој од асхабите го толкува „**освен тоа што е и онака надворешно** (што може да се открие)“ како: „лице и раце“[12]

ОСМИ ДОКАЗ ОД КУР’АН:

На жената и е забрането да ги покажува своите украси на никого, освен на оние што ги спомнал Возвишениот Аллах. Забележуваме дека првиот украс („**тоа што е и онака надворешно** “) се разликува од вториот.

[11] Тефсирул-Кур’анил-Азим 6/46
[12] Ел-хиџабу едиллетул-муџибин ве субехул-мухалифин 37стр.

Така, првото украсување („**тоа што е и онака надворешно**“) е надворешниот изглед (облеката, висината, конструкцијата на жената), а вториот е внатрешен украс и не смее никому да му се покажува, освен на лицата споменати во 31. ајет од сура ен-Нур.

ДЕВЕТИ ДОКАЗ ОД КУР’АН:

Ако на жените им е забрането да удираат со нозете на земја, плашејќи се дека тоа (ѕвонењето на нивниот накит) ќе ги заведе мажите кога ќе го слушнат, тогаш што е со откривањето на лицето и неговите последици?

ДЕСЕТИ ДОКАЗ ОД КУР’АН:

وَالْقَوَاعِدُ مِنَ النِّسَاءِ اللَّاتِي لَا يَرْجُونَ نِكَاحًا فَلَيْسَ عَلَيْهِنَّ جُنَاحٌ أَن يَضَعْنَ ثِيَابَهُنَّ غَيْرَ مُتَبَرِّجَاتٍ بِزِينَةٍ ۖ وَأَن يَسْتَعْفِفْنَ خَيْرٌ لَّهُنَّ ۗ وَاللَّهُ سَمِيعٌ عَلِيمٌ

“А на старите жени кои веќе не копнеат за мажење не им е грев да ги одложат наметките свои, но не покажувајќи ги тие места на кои

<u>украсите се носат;</u> а подобро им е да бидат поскромни. Аллах слуша сè и знае сè.”[13]

Ако покривањето на лицето не е задолжително и ако Аллах ја наредил само марама, <u>што ќе открие жената која носела марама во нејзината младост, откривајќи се во нејзината старост, без да ги покаже местата каде што се носат украсите?</u>

Места каде што се носат украси (места на украси) секако се вратот, ушите,...

Ајетот секако се однесува на постара жена, на која поради нејзината старост и е дозволено да го открие лицето, без да се прикажуваат местата на украсување (вратот, ушите...).

Ако се преведе буквално: „...**не покажување на своите украси**“, ајетот повторно значи олеснување што им се дава на постарите жени во однос на помладите жени, олеснување во откривањето на нешто што младата жена не смее да го покаже.

На крајот, давањето на оваа дозвола (откривање на лицето) само за постара жена е доказ дека тоа не

[13] Суре ен-Нур 60 ајет

важи за девојките и младите жени, т.е. дека мора да ги покријат лицата.

Како нашите праведни претходници го разбрале овој ајет најдобро покажува случајот опишан од Асим Ахвел, кога вели: „Влегувавме кај Хафса бинт Сирин[14] и таа носеше џилбаб со кој го покри лицето. Ние и рековме: „Аллах да ти се смилува, нели Аллах рече: „ **на старите жени не им е грев да ги одложат наметките свои**...?' Добро, а што се зборува после тоа?“, не праша таа. Ние и одговоривме: „ **а подобро им е да бидат поскромни** (срамежливи)“.[15]

ЕДИНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД КУР’АН

يَا أَيُّهَا النَّبِيُّ قُل لِّأَزْوَاجِكَ وَبَنَاتِكَ وَنِسَاءِ الْمُؤْمِنِينَ يُدْنِينَ عَلَيْهِنَّ مِن جَلَابِيبِهِنَّ ۚ ذَٰلِكَ أَدْنَىٰ أَن يُعْرَفْنَ فَلَا يُؤْذَيْنَ ۗ وَكَانَ اللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا

„**О, Веровеснику, кажи им на жените свои, и на ќерките свои, и на жените на верниците <u>нека си го покријат целото тело со своите наметки.</u> Така**

[14] Била од генерација од табиините, генерација после асхабите
[15] Хиџабул-Меретил-Муслиме 104 -114 стр.

најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат вознемирувани. А Аллах простува и Милостив е.[16]

Ибн Џерир ет-Табери вели:
„Во овој ајет, Семоќниот Аллах го потсетува Неговиот Пратеник ﷺ да им каже на своите сопруги и ќерки и вернички: „Не имитирајте ги робинките кога ќе излезете од вашите домови поради некоја потреба, откривајќи го лицето и косата, туку покријте се со своите наметки, за да не бидете прогонувани од грешниците кога ќе дознаат дека се слободни жени“.[17]

Ебу Бекр ел-Џесас, научник на ханефискиот мезхеб, во својот „Тефсир“ вели: „Ајетот е доказ дека младите жени се должни да ги покриваат лицата пред странци и да покажат прикривање и честитост кога излегуваат од куќата, така што неморалните (мажи) не ги посакуваат и не ги малтретираат“.[18] [19]

Мухаммед ибн Ахмед ел-Куртуби вели:

[16] Суре ел-Ахзаб 59 ајет
[17] Џамиул-Бејан ан тевил алији-Куран 22/45.
[18] Ахкамул-Куран 3/371-372
[19] Иако ханефиите имаат мислење дека покривањето на лицето е пофално, гледаме дека најпознатиот муфессие од редовите на научници од ханефискиот мезхеб го сматаат задолжително.

„Бидејќи беше обичај на арапските жени да носат оскудна облека и да ги откриваат лицата како што тоа го прават робинките, и бидејќи тоа го привлекуваше машкиот поглед и мислата, Возвишениот Аллах им наредува да се облекуваат во наметки кога ќе излезат надвор по некоја потреба. "[20]

Ибн Кесир вели:
„Али ибн Еби Талха пренесува од Ибн Абас дека рекол во коментарот на овој ајет:
„Возвишениот Аллах им наредува на верничките, кога ќе ги напуштат своите домови поради некоја потреба, да ги спуштат деловите од хиџабот од главата на лицето и да го откријат само едното око во нужда кога има потреба.
“ Рекол Мухаммед ибн Сирин:
„Кога го прашав Абидете ес-Селмани за зборовите на Возвишениот Аллах: „ **нека си го покријат целото тело со своите наметки**....“ тој го покри лицето и главата и го покажа левото око“[21].

Кажува Ибн Хајјан ел-Енделуси: „Суди рече:

[20] Ел-Џамиу ли Ахкамил Куран 14./ 243-244
[21] Тефсирул-Куранил-Азим

Т.с. нека ги покрие едното око, челото и целото лице и оставете го едното око отворено. Обичајот на жителите на Енделус (Шпанија) е токму тоа: жените откриваат само едно око. Зборовите на Семоќниот Аллах: „... **целото тело** се однесуваат на лицето, бидејќи во џахилијет било познато откривањето на лицето.[22]

Мухаммед ибн Омер ез-Замахшери вели: "Зборовите на Возвишениот Аллах: „ **нека си го покријат целото тело со своите наметки**....“..." значат дека тие ги фрлаат по телото и ги покриваат лицето и телото со нив. Кога жената ја трга наметката од лицето, ѝ се вели: „Едни севбеке 'ала вецхики (покриј го лицето со наметка)“[23]

Ибн Тејмије вели: „Жените имале обичај да се покриваа со џилбаб и луѓето можеа да им ги видат лицата и рацете, но кога беше објавен ајетот: „...„ **нека си го покријат целото тело со своите наметки**....“[24] оваа практика беше забранета, т.е.

[22] Ел-Бахрул-Мухит 7. /250.
[23] Ел-Кешаф ала Хакаикит-Тензил...3 / 274
[24] Сура ел-Ахзаб 59 ајет

на жените им беше наредено да носат целосен џилбаб.[25]

ДВАНАЕСЕТИ ДОКАЗ ОД КУР'АН

وَإِذَا سَأَلْتُمُوهُنَّ مَتَنَعًا فَسْتَلُوهُنَّ مِن وَرَاءِ حِجَابٍ ذَالِكُمْ أَطْهَرُ لِقُلُوبِكُمْ وَقُلُوبِهِنَّ

„... **А ако барате нешто од нив, барајте го тоа од нив од зад перде. Тоа е почисто и за вашите и за нивните срца**...[26]

Овој ајет е јасен доказ за обврската за покривање на лицето на жената со никаб, бидејќи Аллах им наредува на жените да се кријат од мажите, да не гледаат во нивните лица (т.е. гледање зад превезот) и вели:

ذَالِكُمْ أَطْهَرُ لِقُلُوبِكُمْ وَقُلُوبِهِنَّ

„ **Тоа е почисто и за вашите и за нивните срца** “,

...т.е со тоа се оддалечуваш од блудот.[27]

---

[25] Т.е. да ги покриваат своите лица , дланки и стопала

[26] Сура ел-Ахзаб 53 ајет

[27] Овде не можам а да не ги спомнам глупостите изречени од студент од трета година по тефсир. од Каирскиот универзитет „Ел-Азхар“, кој во дискусија тврдеше дека да се држат жените подалеку од мажите и да

Вели имамот Ибн Џерир ет-Табери (Имам на сите муфесира):
„Тоа е, ако барате нешто од жените на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., и другите жени на верниците – нека има завеса меѓу вас и нив.[28]

Мухаммед ибн Ахмед ел-Куртуби вели:
„Ајетот е доказ за дозволата да се разговара со жените зад превезот, да се бара она што е неопходно и да се постави шеријатско прашање. Неговото значење ги вклучува сите жени, како што е наведено од цврстиот исламски принцип дека телото на жената е аврет (срамно) и не е дозволено да го откриваат, освен во случаи на неопходност, како што е сведочењето против жени, лечење на нејзиното тело и слично.“[29]

не се појавуваат пред гости за да ги послужат на нив -застарено нешто-!

Имено, кога го прашале: „Тогаш што е со ајетот: „А кога од нив бараш нешто, барај го зад завеса...“? Како може таа да излезе пред гостите и да ги послужи, ако им наредат да се комуницира со неа зад завеса?“, одговори тој: „Добро, таа ќе биде зад завесата, ќе прашаат гостите, а таа подоцна ќе дојде, ќе донесе и ќе се поздрави со нив“.

[28] 31 „Тефсир Ибн Џарир“, 22/39

[29] Ел-Џамиул ли Ахкамил-Куран 14/227.

Слично толкување навел и Ебу Бекр ибнул-Араби.
Вели Ебу Бекр ел-Џесас, ханефиски научник во неговиот „Тефсир“: „Зборовите на Возвишениот Аллах: “**А ако барате нешто од нив, барајте го тоа од нив од зад перде”** содржат забрана за гледање на жените на Аллаховиот Пратеник ﷺ и објасни дека тоа е почисто за нивните срца и за срцата на Асхабите. Причината за забраната е тоа што гледањето меѓусебно може да предизвика страст. Токму поради оваа причина Семоќниот Аллах строго наредува покривање (сокривање, склонување)... И покрај тоа што е објавен во посебна прилика (повод се жените на Пратеникот ﷺ), ајетот има општо значење и ги вклучува и другите жени. , освен во оние работи кои се специфични само за него.“[30]

Бекр Абдулах Ебу Зејд (член на „Постојаната комисија за фетви“) вели:
„Кога бил објавен овој ајет, Аллаховиот Пратеник ﷺ ги заштитил своите жени од очите на мажите, а истото го правеле и другите асхаби, што укажува

[30] Ахкамул-Кур’ан 3/369 , 370

на општоста на оваа регулатива и нејзината сеопфатност“.[31]

ТРИНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД КУР’АН

وَقَرْنَ فِي بُيُوتِكُنَّ وَلَا تَبَرَّجْنَ تَبَرُّجَ الْجَاهِلِيَّةِ الْأُولَى

„ Во куќите свои престојувајте и убавината своја, како во дамнешното паганско време, не покажувајте ја “.[32]

Ибн Кесир вели:
„Возбишениот Аллах им наредува на жените да се разликуваат од жените во паганската (џахилиет) ера и да не го прават она што го прават идолопоклониците“.[33] [34]

[31] Хирасетул-Фадилети 46.
[32] Сура Ел-Ахзаб 33 ајет
[33] А идолопоклониците ги отоврале своите лица. Види Куранси доказ бр. 11 и тефсирот на Куртуби за тој ајет.
[34] Тефсир Ибн Кесир 6. /46

ДОКАЗИ ОД СУННЕТ

(хадиси)

ПРВ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека Аиша, радијаллаху анха, рекла: „Аллаховиот Пратеник ﷺ клањал сабах намаз, на кој присуствувале и некои вернички покриени со наметки. Потоа се вратиле дома и никој не ги препознал.[35] [36]

Факт е дека сите асхабијки, а не само сопругите на Аллаховиот Пратеник ﷺ ,имаа покриени лица (носејќи никаб). Така, во овој случај - ако им беја откриени лицата - ќе се познаваа една со друга.
Во текот на ноќта надвор, под ведро небо, релативно лесно може да се препознае познато лице, а после сабах видливоста е уште подобра. Како жените асхабијки не се препознаваа? Секако, нивните лица беа покриени.

ВТОР ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека Есма, радијаллаху анха, рекла:

[35] Т.с. биле под химар (покривка.никаб)
[36] Хадисот го бележат ел-Бухари 1.368 , Муслим, Еби Давуд, ен-Несаи, ибн Маџе, Ахмед

„Ги прекривме лицата пред луѓето“.[37]

ТРЕТ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

“…Аиша имала обичај да плаче толку многу што и покривката на лицето и беше натопена со солзи.[38]

ЧЕТВРТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Во преданијата кои го спомнуваат познатиот случај на потвората на мајката на верниците, Аиша, радијаллаху анха, од страна на мунафиците, се наведува дека Аиша, радијаллаху анха, го имаше лицето покриено.[39]

Жените додека патувале биле во мали превозни куќички (колички) на камили, кои биле целосно покриени, што е уште еден доказ за покривање на лицето, т.е. да ги заштити жените од мажите. Зашто, која би била поентата да ги криеме жените

[37] Хадисот го бележи Хаким и сахих е по условите кои ги поставиле Бухари и Муслим

[38] Бележи Бухари 8.98

[39] Хадисот го бележи ел-Бухари 6.218, 6.274, 5.462, 3.829

во куќите од погледот на гостите, и поентата да ги криеме жените во носилките при патување, ако жената се појави пред мажите кога излегува од дома или се симнува од носилките со непокриено лице?

ПЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

"...Жените на Аллаховиот Пратеник ﷺ излегуваа за нужда во местото Ел-Манаси (местото каде одеа жените од Медина). Во една прилика Севда радијаллаху анха,[40] излегла после наредбата за покриање на лице. Таа беше многу висока жена и секој што ја познаваше од порано [41] можеше да ја препознае. Омер, радијаллаху анху ја виде, ја препозна и рекол..."[42]

Овој хадис е јасен доказ за покривање на лицето, бидејќи кога се објавија ајетите за покривање на лицето, сите асхабијки веднаш ги покриле лицата, а асхабите кои ја познаваа Севда, радијаллаху анха, пред ајетот за покривање на лицето, можеја да ја

[40] Жена од Аллаховиот пратеник ﷺ.

[41] Пред ајетот за покривање.

[42] Хадисот го бележи ел-Бухари 6.318, 7.164...

препознаат по нејзината висина („...освен тоа што е и онака надворешно...“).

ШЕСТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека мајките на верниците, сопругите на Аллаховиот Пратеник ﷺ давале фетви позади хиџабот (превезот-перде), [43]

СЕДМИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека по битката на Бедр, (2. година по хиџра, т.е. три години пред ајетот за наредбата на хиџабот, т.е. покривање) Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол:

„...покривката, химарот од нејзиното лице[44] е подобар од целиот свет и од се што е во него“.[45]

Значи, Џеннетските хурии имаат прекривки на лицата.

[43] Хадисот го бележи ел-Бухари 7.473, 6.352, Муслим 2.455

[44] Лицата на Џеннетските Хурии

[45] Хадисот го бележи ел-Бухари 8.572

ОСМИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Аиша, радијаллаху анха пренесува дека Аллаховиот Пратеник ﷺ ѝ рекол неколку години пред ајетот за химарот (наредба за покривање): ***Ти ми беше покажана двапати во моите соништа... ти ја тргав покривка од твоето лице***...“[46]

ДЕВЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Во сира (биографија) на Аллаховиот Пратеник ﷺ вели: "Една муслиманка отиде на пазарот во Бену Кајнука да продаде некоја стока. Таа ја продаде стоката, а потоа отиде кај златарот. Евреите се собраа околу неа и ја замолија да го открие своето лице..."[47]

Оваа жена асхабијка го имаше лицето покриено и токму тоа ги нервираше Евреите.

[46] Хадисот го бележи ел-Бухари 7.57, 9.139

[47] Сира од Ибн Хишам

ДЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Умму Селеме радијаллаху анха пренесува дека Аллаховиот Пратеник ﷺ дошол кај неа кога таа се покривала и ѝ рекол:
„***Направиго тоа еднаш, не правиго двапати***“.[48]
Умму Селеме, Аллах да биде задоволен од неа, ја покривала нејзината глава и лице.

ЕДИНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Енес и Ебу Талха радијаллаху анхума, беа со Аллаховиот Пратеник ﷺ додека Сафија, радијаллаху анха, била позади Аллаховиот Пратеник ﷺ на камилата. По дел од патувањето, ногата на камилата наеднаш се свиткала, така што Аллаховиот Пратеник ﷺ и неговата жена паднале. Ебу Талха скокна од својата камила, дојде кај Аллаховиот Пратеник ﷺ и праша: „Дали си повреден?“

Аллаховиот Пратеник ﷺ одговорил:

[48] Хадисот го бележи Ебу Давуд

„***Не, но погрижи се за жената***“.
Ебу Талха си го покри лицето со покривка и тргна кон Сафија, радиаллаху анха. Тој ја фрли покривката врз неа и таа тогаш стана...[49]

ДВАНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

„Алија, радијаллаху анху, вели:
„Аллаховиот Пратеник ﷺ доби свилена наметка, па ми ја испрати, јас ја облеков и набрзо ми стана јасно дека Аллаховиот Пратеник ﷺ се налутил поради тоа. Тој ми рече: „Алија, не ја ти испратив наметката за да ја облечеш, туку ти ја испратив за да ја искинеш и да го искористиш материјалот да направиш химар за жени.[50]

ТРИНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека Хинд бинт Утбе,[51] кога го прифатила исламот и дошла кај Аллаховиот

[49] Хадисот го бележи Бухари 8.204, 4.319, 4.318
[50] Хадисот го бележи Ел-Бухари, Муслим, Ебу Давуд, ен-Несаи
[51] Која предходно,како мушрикиња го уби Хамза р.а.

Пратеник ﷺ за да го објави прифаќањето на исламот, му се обратила на Аллаховиот Пратеник ﷺ а потоа таа ја тргнала покривката од лицето[52] и му рекла: „Јас сум Хинд...“

ЧЕТЕРНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Првите муслиманки асхабијките радијаллаху анхум, оделе во џихад, им носеле вода на ранетите, ги превезувале шехидите и ранетите, а сето тоа го правеле со покриени лица.[53] Доказ дека асхабијките во џихад биле покриени со никаб, е добро познатиот пример со асхабијката Хаула радијаллаху анха која била во Џихад и од која по една жестока битка, Халид ибн Велид радијаллаху анху, побарал да го открие своето лице за да на тој начин дознаат која е личноста која убила многу непријатели за време на борбата. Иако и беше наредено од командантот на муџахедините, Халид радијаллаху анху, да го открие своето лице, таа не го стори тоа, туку само го кажа своето име.

[52] За да е препознае Аллаховиот пратеник Мухаммед ﷺ.

[53] Хадисот го бележи Бухари 5.156,393, 6.80, 4.131, Муслим 5.196 Ебу Давуд, Тирмизи.

ПЕТНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека Умејма, радијаллаху анха, дошла кај Аллаховиот Пратеник ﷺ да му даде заклетва за исламот, а тој потоа и рекол:

„***Од тебе барам да не му правиш ширк на Аллах, да не крадеш, да не правиш прељуба, да не го убиеш своето дете, да не правиш големи гревови со рацете и нозете, да не плачеш (плачење со сила) и да не се откриваш и да не ги покажуваш своите украси како во времето на Џахилијет***“.[54]

Во ерата на џахилијет (предисламска) жените ја покриваа косата и ги откриваа лицата.[55] Тоа се наведува во многу тефсири, како на пр. во „Тефсирот“ на Алусија.[56]

ШЕСНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Енес радијаллаху анху, вели:

---

[54] Хадисот го бележи имам Ахмед и Несаи

[55] А зарем -покривањето- на муслиманките денес да биде исто како што се покривале неверничките во добата на арабскиот џахилиет, наместо да биде како покривките од Асхабијките??

[56] Погледни го и 11 куранси доказ и во него коментарот од Куртуби на то ајет

„Најдобро знам кога беше објавен ајетот: „**А кога нешто ќе побарате од нив, побарајте го од нив од зад завеса...**“[57] Тоа беше кога Аллаховиот Пратеник ﷺ се оженил со Зејнеб радијаллаху анха. Откако е објавен овој ајет, Аллаховиот Пратеник ﷺ ја покри вратата меѓу мене и него со завеса.[58]

Ова е првиот ајет кој е објавен за покривање на лицето и криење на жените, а е објавен во 6-та година по хиџра.

Важно е да се истакне дека жената на Аллаховиот Пратеник ﷺ била свртена кон ѕидот уште пред да се објави овој ајет:

„...а лицето на неговата жена беше свртено кон ѕидот... „[59]

..т.е дека со тоа (дури и пред наредбата) го сокрила своето лице,[60]

[57] Сура Ел-Ахзаб 53 ајет

[58] Хадисот го бележи Бухари 7.95, 7.376...

[59] Хадисот го бележи Муслим и Тирмизи

[60] Па зар да денес после 14 векови од како е објавена наредбата, жените муслиманки дозволуваат да лицата им бидат откриени и ака да се достапни на погледите на мажите-странци, онака како што не

и кога овој ајет се објави - тогаш сите жени асхабијки си ги покриле лицата.

СЕДУМНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува од Енес, радијаллаху анху дека Аллаховиот Пратеник ﷺ по битката кај Хајбер останал три дена меѓу Хајбер и Медина, за да го прослави бракот со Сафија радијаллаху анха. Асхабите рекле: „Ако ја покрие (заштити) од погледи, ја земал за жена, а ако не, ја земал за робинка.”[61]

Со која од овие две постапки Аллаховиот Пратеник ﷺ им покажал на своите асхаби дека ја зел Сафија за жена, а не за робинка? Ја покри (заштити) од поглед. Со што? Таа го покри лицето.

дозволувале првите муслиманки и пред да биде спуштена наредбата за покривање?

[61] Хадисот го бележи Бухари

И што направи таа за да се разликува од робинките? Таа го покрила лицето, бидејќи робинките имале откриени лица.[62]

ОСУМНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Во еден познат хадис се споменува дека една ноќ Аллаховиот Пратеникк ﷺ и Сафија радијаллаху анха, поминале покрај двајца енсарии[63], па кога се оддалечиле Аллаховиот Пратеник ﷺ ги повикал и им рекол: ***„Чекајте! Оваа е мојата жена Сафијја***.”[64] Асхабите се нашле навредени и рекле: „СубханАлах, Аллахов Пратенику!“[65] а тој им одговорил: **„Шејтанот навистина циркулира низ човечкото тело како што циркулира крвта“**[66] [67]

Зошто асхабите не ја препознале Сафија, радијаллаху анха, а го препознале Аллаховиот

[62] Погледни 11 куранси доказ и коментарот на Табери и Куртуби на тој ајет.
[63] Асхаби од Медина
[64] За да не помислат дека Аллаховиот пратеник а.с. е во друштво со некоја жена, која не е негова сопруга (која му е харам).
[65] Во смисла - Зарем во тебе да посомневаме -.
[66] Прави сомнеж.
[67] Хадисот го бележи Бухари и Муслим

Пратеник ﷺ? Затоа што го видоа Аллаховиот Пратеник ﷺ но не ја видоа Сафија, т.е. затоа што Сафија, радијаллаху анха, имаше покриено лице.

ДЕВЕТНАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува од Уму Селеме, радијаллаху анха дека рекла: „Откако беше објавен ајетот: „... **и нека ги спуштат веловите свои на градите свои**...“, излегоа жените од Медина – енсаријки, одеа мирно како да има врани на своите глави. Тие носеа црни фустани.

А од Аиша, радијаллаху анха, е пренесено дека таа рекла: „...се колнам во Аллах, јас не познавав подобри жени од жените Енсаријки во нивната цврстина во прифаќањето на Аллаховата книга и нивното верување во објавата. Во времето кога е објавена сура ен-Нур, во која Аллах вели: „... **и нека ги спуштат веловите свои на градите свои**...“, луѓето веднаш ги кажаа овие ајети на нивните сопруги, ќерки, сестри и други женски роднини. Секоја нивна жена, без исклучок, (во истиот момент) земала дел од нејзината облека и со неа

ги покрила главата и лицето, покажувајќи покорност и верување во она што Аллах го објави од Неговата Книга. Следното утро беа зад Аллаховиот Пратеник ﷺ покриени како да имаа црни врани на нивните глави.“.[68]

Ибн Хаџер ел-Аскалани, најпознатиот коментатор на збирката хадиси на Бухари, вели дека оваа покривка се однесува на лицето. [69]

Возвишениот Аллах е задоволен од асхабите. Асхабите правилно ја разбрале Објавата и сите слободни асхабијки (освен старици, робинки, девојки и заробеници) си ги покривале лицата и го сметале за фарз, т.е. Тие ја разбраа Аллаховата наредба за превезот како обврска за покривање на лицето.

ДВАЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол: „***Жената која е во ихрам[70] не треба да носи никаб или да носи ракавици***“.[71]

[68] Хадисот го бележи Муслима 4758, 4759, 6282, Ебу Давуд 32.4090
[69] Фетхул Бари
[70] Во обредите на хаџ.
[71] Хадисот го бележи Бухари.

Овој хадис, иако спомнува откривање, е јасен доказ дека жената (во други ситуации освен Хаџ) мора да ги покрие лицето и рацете, бидејќи хаџот е исклучок и затоа е нагласено ова.
Но, кога има луѓе во близина, ваџиб е жените да ги покриваат лицето и рацете.

Исто така од Аиша, радијаллаху анха, се пренесува дека таа рече: „Луѓето на камили поминуваа покрај нас (жените) додека бевме со Аллаховиот Пратеник ﷺ во ихрам (на Хаџ). Ние ги покривавме лицата со химар додека тие поминуваа покрај нас, а потоа повторно ги откривавме лицата (кога немаше мажи наоколу).“ [72]

Исто така е пренесено дека Фатима бинт ел-Мунзир радијалаху анха, рече:
“Ги покривавме своите лица кога бевме со Есма, радијалаху анха, во ихрам.”[73]

Рекол Мухаммед ибн Салих ел-Усејмин во одговори на прашања за Хаџии за покривање на

[72] Хадисот го бележи Ебу Давуд, Ахмед, Ибн Маџе, Малик, Дарекутни, Бејхеки.
[73] Муветта 20. Хадис бр.5.16

лицето на жената во денешни услови, кога скромноста (стрaмежливоста) во голема мера е изгубена, а мажите и жените се повеќе се мешаат за време на хаџот: „Денес, во ова време, е ваџиб (обврска) за жената да носи никаб и ракавици дури и кога е на хаџ“.[74]

ДВАЕСЕТ И ПРВИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека жените, кога Аллаховиот Пратеник ﷺ им наредил да излезат во мусалла[75] на Бајрам намазот, рекле:

„Некои жени од нас немаат џилбаб“.
Аллаховиот Пратеник, алејхи селам им рекол:

[74] Заради што повеќе мешање на мажи и жени во хаџ (во денешно време) , до таа мера што во исти саф некогаш може да се најдат мажи и жени, или пред савот на мажите да се најдат жени.

[75] Суннетот (практиката) на Аллаховиот Пратеник ﷺ беше дека Бајрам намазот треба да се клања во мусала, односно отворен простор, а не во месџид (џамија), така што Муслиманите од едно место се собирале на едно место и сите заедно го клањале бајрамот со имамот , дури и ако на тоа место имало неколку џамии. Аллаховиот Пратеник а.с. и на жените им наредил да излегуваат пс дури ако биле под хајз (месечен циклус) тије стоеле одвоени понастрана и тие исто така би учествувале во величење на Аллах во овој ден.

„Нека земаат џилбаб од своите сестри .“[76]

Ибн Месуд, радиаллаху анху, објаснува што е џилбаб и вели:

„Џилбаб е наметка за целото тело, вклучувајќи го лицето и рацете.“[77]

Ибн Тејмие вели: „Џилбаб значи наметка, која Ибн Месуд радијаллаху анху, ја толкува како наметка која го покрива целото тело, вклучувајќи ја главата, лицето и рацете. Затоа, не е халал жените да ги откриваат лицата и рацете.[78]

Џилбаб е она со што се покрива целото тело, а не дел од телото,[79]

Тоа е „превез“, т.е. „покривка“.[80]

Аллаховиот Пратеник ﷺ им забранил на асхабијките (со кои Аллах е задоволен) да излегуваат со непокриени лица меѓу асхабите (со кои Аллах е задоволен) заради ибадет (на Бајрам намаз).

[76] Хадисот е муттефеку алејхи го забележале Бухари и Муслим.
[77] Фетви од Ибн Тејмие книга2 страна 110.
[78] Фетви од Ибн Тејмие книга2 страна 110. Како и книгата -Хиџаб- стр.15
[79] Ибн Хазм -Ел-Мухалла- 3/217.
[80] Ез-Зубејди -Таџул арус- корен џлб 2/174 - 175

Па, како и е дозволено на една муслиманка денес да излезе без никаб на лицето среде машки sверови и изопачени, а освен тоа, обично одат таму каде што Аллах забранил?[81]

ДВАЕСЕТ И ВТОРИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

„Аиша, радиаллаху анха, вели дека еднаш една жена дошла со писмо и го предала зад завеса.[82]
Во книгата „Мишкат“ се вели:
„Тука научниците на хадиси објаснија дека пред ајетот[83], жените директно доаѓале кај Аллаховиот Пратеник ﷺ додека после тоа практикувале покривање на лицето и пред Аллаховиот Пратеник ﷺ.

ДВАЕСЕТ И ТРЕТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Омер радиаллаху анху, пред спуштање на ајетот за наредба на Химар, побарал од Аллаховиот

[81] Во пазари, трговски центри...
[82] Хадисот го бележи ен-Несаи и Ебу Давуд 33/4154
[83] Пред да се објави 53 ајет од суре ел-Ахзаб.

Пратеник ﷺ да им нареди на жените да се покриат, да се кријат од погледот на мажите. (да ги покријат лицата).[84]

Сопругите на Аллаховиот Пратеник ﷺ и сопругите на асхабите пред да биде објавено за хиџабот тие за некои неопходни потреби излегувале од своите домови со откриени лица.[85] Омер радиаллаху анху, не сакал муслиманките да излегуваат со непокриени лица, па затоа побарал од Аллаховиот Пратеник ﷺ да им нареди на жените да ги покриваат. Меѓутоа, Аллаховиот Пратеник ﷺ не им наредил на жените да ги покрија своите лица се додека не се објавија ајетите за покривање на лице.

ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Од хадисот бр. 4 (како и од многу други) гледаме дека Аиша, радијаллаху анха, го имаше лицето

[84] [84] Хадисот го бележи Бухари 1.395

[85] Повторно прсшсњето – па зар денеска , после 14 векови одкако е објавана наредбата , жените муслиманки дозволуваат лицата да им бидат одскриени и така достапни на погледите од мажите/странци, онака како што не сакал Омер р.а. , онака како што беше случајот со првите муслиманки, пред да биде спуштена објавата за покривање?

покриено. Но, дали покривањето на лицето (како што гледаме, го практикувала) го сфатила само како мустехаб (доброволно), или како ваџиб (задолжително)? Што вели таа во истиот хадис?
Вели:
„Сафван ме виде пред да биде наредена покривката. Кога ме виде како лежам, рече: „Инна лилахи ве инна илејхи раџи'ун“, со што ме разбуди од сон. Го покрив лицето од него со џилбаб.[86]
Аиша радијаллаху анха, нагласува дека Сафван ја видел пред да се нареди (пропише) покривањето и практично покажала дека под покривање се мислело на покривање на лицето.
Значи, не само што таа (и сите други жени Асхабијки) го имаа покриено лицето, туку наредбата за покривање значеше покривање на лицата.[87]
Зошто Сафван рекол: „Инна лилахи ве инна илејхи раџиун“? Чувствуваше вина, се чувствуваше виновен што ја виде Аиша радијаллаху анха со непокриено лице.

[86] [86] Хадисот го бележи Бухари и Муслим.

[87] Кажуваат – Сафван ме имаше видено пред да биде наредено за покривање. Значи после наредбата за покривање, повеќе не можел да ја виде, зошто се покорила на наредбата – го покрила лицето.

ДВАЕСЕТ И ПЕТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

На жените им е забрането да носат сандали бидејќи со нив се покажуваат делови од нивните стапала. Аллаховиот Пратеник ﷺ им забранил на жените, асхабијките и на сите други муслиманки да откриваат делови од стапалата, а знаеме дека женското стапало е помалку заводливо од женското лице, што е јасен и доволен доказ за покривање на лицето.

Кога на Аиша, радијаллаху анха, ѝ кажале дека некои жени носат сандали, таа одговорила: „Аллаховиот Пратеник ﷺ ги проколнал таквите жени. [88]

Жената мора да ги покрива нозете дури и во намаз, а камоли пред мажи, странци.[89]

[88] Хадисот го бележи Ебу Давуд

[89] Дека жената е аврет и заповедта да се покрива пред мажите е поголема отколку во намазот, доволно говори фактот дека сите научници кои сметаат дека е задолжително покривањето на лицето на жената пред мажите - се залагаат за ставот дека таа треба да не ги покрива лицето и рацете во молитва. Затоа, поголем дел од телото е покриен пред машки/странци отколку во молитва.

ДВАЕСЕТ И ШЕСТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол: “Кој ќе ја спушти својата облека да му се влече од охолост, Аллах нема ни да го погледне на Судниот ден.“

Потоа рече Умму Селеме радијаллаху анха:

„А што ќе прават жените со нивните долни делови од облеката?“[90]

Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол**: „**Нека спуштат една педа под петицата“.

Таа рече: "А што ако после тоа нивните потпетици им се покажат?"

Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол: **„**Тогаш нека го спуштат колку еден лакт и нека не додаваат на него“.[91]

Асхабијките, најчистата генерација со која Возвишениот Аллах е задоволен, а и за сите други жени муслиманки ваџиб (обавеза) да ги покријат петите, а знаеме дека женското стапало е помалку заводливо од нејзиното лице и раце.

[90] Тоа е наредба за мажи, а не и за жени.

[91] Хадисот го бележи Ебу Давуд, ен-Несаи , Малик и други.

Па кога жените треба да ги покриваат стапалата, како да не биде задолжително покривањето на лицето?[92]

ДВАЕСЕТ И СЕДМИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол: ***"Жената е аврет.[93]Кога излегува од дома – шејтанот ја прави убава во очите на луѓето."***[94]

---

[92] Веќе неколку пати го прашавме читателот: Дали е можно Аллах аззе веџел да нареди покривање на петите и стапалата без да нареди покривање на лицето? Дали е можно да мора да биде покриен лактот, но не и лицето? Оваа аналогија, која веќе неколку пати ја користевме и која доведе до неопходен заклучок дека покривањето на лицето е задолжително, не само што е логички точна, туку и се заснова на шеријатот, бидејќи е поврзана со шеријатското правило наречено „Мефхум ел- Мувафака". На пример, од забраната на човекот да биде непослушен на своите родители и да им го кажува зборот на незадоволство „Уф", јасно може да се заклучи дека Семоќниот Аллах со тоа забранил сè што е поголемо од тоа. Ако е забрането да се каже „Уф" на родителот, на уште повисок степен на забрана е секако она што е поголемо од тоа (викање на родител, навреда, удирање,...), дури и да не е спомнато. Во кој било шеријатски текст. Тогаш, што да се каже за покривањето на лицето, што беше практика на сите жени од генерацијата на која Аллах го испрати Својот Пратеник? Што да кажеме за обврската за покривање на лицето, за кого оваа правилна и шеријатска аналогија не е единствен доказ, туку има десетици докази од Книгата и Суннетот?

[93] Значи целото нејзино тело е срамно.

[94] Хадисот го бележи Тирмизи, Албани го отцени како сахих во -Ирваул Галилу- бр.273

Шејтанот им шепоти на луѓето и го разубавува само она што тие го гледаат и што може да им се допадне, за што можат да размислуваат и што можат да посакаат потоа. Ако жената го покрива поголемиот дел од телото, но го остави лицето непокриено, таа сепак им дава можност на мажите да ја видат, да ја препознаат, запаметат, да им се допадне, да размислуваат за неа и на тој начин му остава можност на шејтанот да дошепнува, разубавува.

Зарем муслиманката која го покрива лицето не ги затвора речиси сите врати на оваа шејтанско дејствување? Како може шејтанот да ја разубави на човек на кој му е харам, кога тој никогаш не ја ни видел?[95]

[95] Колку е голема разликата помеѓу изгледот на жена со покриено лице (од една страна) и жена со непокриено лице, дури и ако покрива сè освен лицето (од друга страна), изразот што го спомнав погоре. многу зборува:...кога никогаш не ја видел... Бидејќи, мажот не може да види ништо од жената со покриено лице (и, се разбира, и остатокот од нејзиното тело е покриен), не знае дали е црна или бела, не знае дали Жената под тој никаб има 17 или 57 години, ако е убава или не,... Може да ја гледа секој ден на улица без воопшто да знае дека е истата онаа што ја виде вчера... За разлика од тоа, колку и да е скромна, чесна и доблесна, жената со непокриено лице може лесно, без да го знае тоа, да стане предмет на мисли или желби на туѓ маж и со тоа да го поднесе и својот и неговиот грев; свој затоа што не го покривала лицето и затоа што се изложила на погледите на мажите, и неговиот грев што ја гледал и можеби подоцна размислувал за неа и нејзината убавина (за што таа

ДВАЕСЕТ И ОСМИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол: **„Кога некој од вас бара жена** (за женидба)[96] - **не му е грев да ја види**“.[97]

Пренесено е од Џабир радијаллаху анху, дека рекол: „ја запросив една девојка и ја гледав без таа да забележи, додека не видов она што ми укажуваше да ја оженам“.[98]

Значи, жената смее само да му го покаже лицето на тој што ја проси при запросувањето, што е јасен доказ за покривање на лицето.

Кога асхабот Мугира радијаллаху анху отишол да проси девојка, тој вели:

...Тогаш ја слушнав девојката како зборува од нејзиниот агол на собата..''[99]

...што е јасен доказ за криење (засолнување), односно дека жената треба да си го покрие лицето.

била причина со откривањето на лицето), а мему поради тоа не му се намалува гревот (затоа што му било наредено да погледне надолу).

[96] Значи само тогаш!

[97] Хадисот го бележи имам Ахмед, Бухари и др.

[98] Хадисот го бележи Бухари, Муслим, Ебу Давуд....

[99] Хадисот го бележи Ибн Маџе

-Мугире побарала дозвола од нејзините родители да го види нејзиното лице-, што е доказ за покривање на нејзиното лице, бидејќи само она што е покриено и мора да биде покриено се бара дозвола да се открие.
-Мугире радијаллаху анху го слушнал само нејзиниот глас- што значи дека лицето и било покриено, бидејќи девојката била во иста просторија (а тој не можел да ја види). Кога му било дозволено да го види лицето на девојката,[100] девојката го открила нејзиното лице.

Затоа, Аллаховиот Пратеник ﷺ дозволил оној што запросува да може да ѝ го види лицето. Ако покривањето на лицето не е задолжително (туку само доброволно или кој сака), зошто има дозвола од Аллаховиот Пратеник ﷺ жената да може да го открие своето лице само на кој сака да ја запроси?

Од Ибн Меслеме радијаллаху анху се пренесува дека рекол барал шанса да ја виде девојката која ја

[100] Аллаховиот Пратеник ﷺ му дозволил, па и родителите по таа дозвола постапиле.

запросува, па ја видел под палмата[101] бидејќи девојката секогаш била со покриено лице, освен во ситуација кога во близина немало мажи.

ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Беа со Аллаховиот Пратеник ﷺ неговите сопруги Умму Селеме и Мејмуна радијаллаху аннхума , па дошол Абдулах ибн Умми Мектум радијаллаху анху (Асхабот кој беше слеп), и Аллаховиот Пратеник ﷺ им наредил да ги покријат нивните лица.

Рекоа: „Алахов Пратенику, тој е слеп и не нè гледа“. Аллаховиот Пратеник ﷺ одговорил:

„А дали вие две сте слепи? Дали можете да го видите?”[102]

[101] Хадисот го бележи Ибн Маџе.

[102] Овој хадис зборува за забраната да се гледаат едни со други. Ако знаеме дека научниците од првите генерации ја спомнувале забраната за гледање во лице на ќос (голо брадест) млад човек (бидејќи неговото лице наликува на женско), што можеме да кажеме за гледањето во лицето на жената, дури и ако таа е млада и убава, од секој случаен минувач, продавач,... .?

ТРИЕСЕТТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Пренесено е од Абдулах ибн Месуд радијаллаху анху, дека Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол: **„Ниту една жена не треба да опишува друга жена на својот сопруг, и со тоа му го опишува нејзиниот изглед, како тој да гледа во неа.“**[103]

Ако на жената и е забрането да му го опише на својот сопруг изгледот на друга жена, како може таа (другата) жена да го открие своето лице и со тоа да се изложи на погледот на луѓето?

Ако на жената и се дозволи да го открие своето лице, нема потреба да се забранува описот на изгледот на одредена жена, бидејќи таа жена е широко достапна за очите на мажите кога ќе се појави на улица!

ТРИЕСЕТ И ПРВ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека Аллаховиот Пратеник ﷺ и нареди на Севда радијалаху анха, да се покрие пред детето 'Утбе, радијаллаху анху...

[103] Ибн Хаџер ел- Аскалани Фетхул Бари , Ен Никах 9/338, хадис 5240-5241

„...Така од тогаш момчето повеќе не ја виде, ниту пак Севда радијалаху анха го виде него."[104]

ТРИЕСЕТ И ВТОР ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се раскажува дека Хафса бинт АбдуРахман дошла кај Аиша, радијаллаху анха, со тенок превез на нејзиното лице. Аиша, радијаллаху анха го зеде нејзиниот химар, го раскина и рече: „Зарем не знаеш што објави Аллах во сура Нур? Потоа ѝ даде друг подебел, непросирен химар.[105]

Така, оваа жена го имаше покриено лицето, но нејзиниот никаб беше просирен. Ако покривањето на лицето е незадолжително, туку само за пофално, зошто Аиша радијаллаху анха го направи ова? Зарем ги принудуваше жените да прават „пофални“ дела?

На крајот, што ја праша, гледајќи тенка покривка на лицето? Таа ја праша: „Не знаеш ли што објави Аллах во сура ан-Нур?

...а потоа практично покажа дека наредбата од сура Нур ја разбира како обврска за покривање на лицето.

[104] Хадисот го бележи Бухари 3.421, 3.269, 5.596...

[105] Хадисот го бележи имам Малик во Муветта.

ТРИЕСЕТ И ТРЕТИ ДОКАЗ ОД СУННЕТ:

Се пренесува дека Аиша радијаллаху анха, рекла: „Влегов во собата во која беа погребани Аллаховиот Пратеник ﷺ и татко ми (Ебу Бекр), и не носев џилбаб, велејќи: „Тие се (само) мојот сопруг и татко.“ Но, откако таму беше погребан Омер, радијаллаху анху, веќе не влегував во собата без да носам џилбаб. , затоа што се срамев од Омер, радијаллаху анху“[106]

СубханАллах! Аиша радијаллаху анха се срамеше да го открие своето лице пред гробот, пред починатиот Омер радијаллаху анху, а денес верничките ладнокрвно ги откриваат своите лица пред живи мажи!

[106] Бележи Хаким и Ибн Асакир, и е сахих според условите кои ги поставија Бухари и Муслим (Тирмизи 1771)

ДОКАЗИ

ОД ГОВОРОТ НА НАУЧНИЦИТЕ

Прв доказ од зборовите на научниците:

Научниците кои покривањето на лицето не го сметаат за обврска (туку само за суннет), сепак го поттикнуваат и сметаат дека е подобро и пофално од откривањето.

Мустафа ел-Адеви вели:
„Напоменувам дека ние и честитите и праведните научници, кои не се согласуваат со нас за обврската за покривање на лицето, не се разликуваме по тоа дека покривањето на лицето е подобро, поцелосно и поблиску до побожноста и Аллаховото задоволство.[107]

Втор доказ од зборовите на научниците:

Фикхско правило гласи:
„Одстранување на штетата и патиштата што водат до неа е поважно од добивањето придобивки (корист)“.

[107] -Ел Хиџабу едиллету елмуџибин ве субехул мухалифин- 4,5.

Во однос на гореспоменатото правило, може да се постават следниве прашања:

„Што е всушност штета, а што корист?
„Дали е поголема штета ако жената го открие своето лице
или ако остане необразована и невработена, домаќинка и
мајка?“[108]
„Дали е поголема придобивката ако жената се школува, се вработи и се меша со мажи (а тоа нужно подразбира неморал, болести и вонбрачни деца) или ако остане чиста и срамежлива, основа, темел на здравото семејство?

Ако жената го открие своето лице, таа директно и свесно ги привлекува погледите на мажите и станува предмет на „зјапање“, коментари, описи, полемики кај машкиот пол. Како што рече поетот:

„Прво површен поглед, потоа подолг,
потоа насмевка, па поздрав, па неколку зборови,

[108] Овие се некои од штетите кои ги спомнуваат некои модернисти, а кои (според нив) се резултат од покривањето на лицето на жената, иако тоа не е точно дека жената со покриено лице нема можности и шанси да се школува. Жената која носи никаб не е спречена од школување.

па средба, па излегување, па осамување,
а потоа...“

во ова е мудроста на наредбата да се покрие лицето.

Од друга страна, исчезнувањето на моралот и срамот, а појава на блудот, развратот, хомосексуалноста, зголемувањето на бројот на вонбрачни деца, ширењето на болести и се почестите разводи се само дел од штетите што произлегуваат од откривањето на лицето на жената, излегување од дома и што е следно, на сите им е познато, а сите го премолчуваат.

Трет доказ од зборовите на научниците:

Хафиз Ибн Хаџер ел-Аскалани вели: „Праксата која е воспоставена во генерациите пред нас и во наше време е покривање на женското лице пред мажите.[109]

[109] Фетхул Бари 9/224

Четврти доказ од зборовите на научниците:

Вели Бекр Абдуллах Ебу Зејд член на „Постојаната комисија за фетви“: „Постојат два практични консензуса, кои се пренесуваат од колено на колено во овој уммет: првиот е седењето на жената во куќата и нејзиното неизлегување без голема потреба и нужда, а вториот е не појавувањето пред маж (странец) со непокриено лице и во украсена облека“.

Петти доказ од зборовите на научниците:

Неколку познати научници, меѓу кои како најистекнати Ибн АбдулБер, Имам Невеви и Ибн Тејмије, ги забележаа овие два консензуси во исламскиот уммет.

Шести доказ од зборовите на научниците:

Бекр Абдуллах Ебу Зејд вели:

„Никој од научниците не дозволиле откривање на лицето во време на безредие, кога народот бил оддалечен од вистинската вера и се зголемувал бројот на расипани. Во тој случај, сите се согласуваат дека покривањето на лицето е обврска, како што е пренесено и забележано од повеќе научници“.[110]

Седми доказ од зборовите на научниците:

Ставот на ханефиската правна школа:
„Аврет[111] кај слободна жена е целото тело, освен лицето и рацете“.[112]
Но, Ханефиите ѝ забрануваат на жената, во време на фитна и оддалечување на луѓето од верата, да го открива своето лице, иако тоа не го прават затоа што е Аврет, туку поради фитната што може да ја предизвика. Забраната се зајакнува доколку жената е млада и убава.

[110] -Хирасетул Фадиле- 83
[111] Срамно место кое мора да се покрие.
[112] Ибнул Хеммам ел Ханефи -Шерх Фетхул Кадир – 1/225

Осми доказ од зборовите на научниците:

Ставот на маликиската правната школа: „Целото женско тело е Аврет, освен лицето и рацете. Аврет на слободна жена пред странец е целото тело, освен лицето и рацете“.

Ибн Тејмије рекол дека целото тело на жената се смета за Аврет и дека целото тело мора да биде покриено без исклучок и вели дека тоа е, всушност, мислењето на имамот Малик.[113]

Деветти доказ од зборовите на научниците:

Ставот на шафиската правната школа: „Целото тело на жената, освен лицето и рацете се Аврет“[114]
На друго место пишува: „Аврет на жената е целото тело, без исклучок“[115]

[113] Ибн Тејмие -Хиџабул Мере Ел Муслиме стр.14.
[114] Ен Невеви -Ел Меџму- 3/173.
[115] Хашијету Калбуби ве Умејре, 1/177.

Десетти доказ од зборовите на научниците:

Ставот на хамбелиската правната школа: „Целото женско
тело е Аврет, дури и ноктите.“ „Лицето и рацете се Аврет надвор од молитвата и гледањето во нив е како да гледате во други делови од телото (забрането).[116]

Единаесетти доказ од зборовите на научниците:

Ибн Хаџер ел-Аскалани вели: „Женската наметка се нарекува химера затоа што го покрива нејзиното лице„.[117]

[116] Ибнул Кудаме Ел Макдиси -Ел Икна- 1/88 и -кешафул кинна- од Бејхеки 1/309.
[117] Фетхул Бари 10/48.

Дванаесетти доказ од зборовите на научниците:

Ставот на Ибн Месуд радијаллахуанху е дека покривањето на лицето е задолжително. А кој е Ибн Масуд?

Тој е еден од најучените асхаби. За себе вели: „Нема ајет за кој не знам дали е објавен дење или ноќе, каде и за која причина. Се колнам во Аллах, ако знам дека има некој поучен од мене во Аллаховата вера, би го јавнал мојот коњ и би отишол кај него“.

Тринаесетти доказ од зборовите на научниците:

Ставот на Ибн Абас радијаллаху анху е дека покривањето на лицето е задолжително. А кој е Абдула ибн Абас?

Аллаховиот Пратеник ﷺ за него направил дова: **„О Аллах, дај му да ја разбере верата и научи го да го разбира Куранот“.** Со берикетот на оваа дова на Аллаховиот Пратеник ﷺ тој се здоби со

огромно знаење, и ги доби почесните прекари:„Толкувач на Куранот“„Море“ и „
Научник на Умметот“.
Ибн Месуд за него вели: „Колку е прекрасен Ибн Абас толкувач на Куранот!“.

Неговиот ученик Табиин Муџахид рекол: „Ибн Абас бил наречен „Море“ поради неговото огромно знаење“.

Муџахид исто така рече:
„Кога тој нешто ќе протолкуваше, се гледаше светлина на неговото лице!
Опишувајќи го начинот на кој Ибн Абас го толкува Куранот, Али радијаллаху анху рекол: „Како да гледа во гајб (скриено) низ тенка завеса!

А Абдула ибн Омер радијаллаху анху рекол за него: „Помеѓу сите припадници на умметот на Мухаммед ﷺ најдобар познавач на она што му е објавено на Мухаммед е Ибн Абас!
А што вели Абдула ибн Абас на прашањето за покривање на жената и обврската за покривање на лицето? Тој вели:

„Возвишениот Аллах им наредил на жените вернички да ги покриваат лицата со никаби кога ќе излезат за некоја потреба, а во случај на потреба да го откријат едното око“.

Ова е, исто така, единственото автентично пренесување
од Ибн Абас во врска со толкувањето на овој ајет.[118]

[118] 59 ајет од Сура Ел Ахзаб

Докази на оние кои го дозволуваат откривањето на лицето и коментар на нивните докази

НИВНИТЕ ДОКАЗИ ОД КУРАНОТ

Зборовите на возвишениот Аллах:

وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا مَا ظَهَرَ مِنْهَا

„...**и нека не ги покажуваат украсите свои освен тоа што е и онака надворешно**,...“[119]

Прво од Куранот што го земаат како доказ:

Ибн Џерир ет-Табери го наведува ланецот на пренесување од Ибн Абас радијаллаху анху, дека тој рекол: „Ова се однесува на сурмата и прстенот“.

Оваа пренесување е даиф (слабо и неприфатливо) бидејќи во неговиот ланец се наоѓа Муслим ибн Кајсан ел-Мулаи, кој е слаб пренесувач за научниците во хадис.[120]

Второ од Куранот што го земаат како доказ:

Ибн Џерир ет-Табери, во својот коментар на истиот ајет, наведува ланец на пренесувачи до Ибн Абас,

[119] Сура Ен Нур 31 ајет.
[120] Такрибут Техзиб 463.

кој го толкувал (што може да се покаже) со зборовите: „Тоа се образите и сурмата“.

Мустафа ел-Адеви вели: „Ланецот на овој хадис е исклучително слаб, ние го отфрламе и не обрнуваме никакво внимание на него. Бидејќи Ибн Хумејд (во ланецот на ова предание), Шејх Ибн Џерир, е слаб пренесувач“.[121]

Во ланецот на ова пренесување е Нехсел, кој исто така е слаб пренесувач.[122]

Ова предание го пренесува Дахак ибн Музахим од Ибн Абас, но се вели дека тој не можел да го слушне од Ибн Абас.[123]

Трето од Куранот што го земаат како доказ:

Во коментарот на истиот ајет, Ибн Џерир ет-Табери наведува ланец на пренесувачи до Ибн Абас, дека тој наводно рекол за „... **тоа што е и онака надворешно**...“ (и што може да се покаже):

[121] Такрибут Техзиб 410.
[122] Такрибут Техзиб 497.
[123] Ел Хуџаб 36.

„Тоа се лицето, сурмата, кената на рацете и прстенот. Таа може да им ги покаже овие украси во куќата на оние што влегуваат во нејзината куќа“.

Преданието е даиф (слабо) затоа што има прекин на ланецот на прнесувачи, т.е. Али ибн Еби Талха не можеше да го слушне ова предание од Ибн Абас.

Четврто од Куранот што го земаат како доказ:

Ибн Џерир ет-Табери во својот коментар на истиот ајет наведува ланец на пренесувачи до Ибн Абас за кои тој наводно рекол за „... **тоа што е и онака надворешно**...“: „Тоа се прстенот и нараквицата“.

Преданието е даиф (слабо) затоа што Ибн Џурејџ ги пренесува овие зборови од Ибн Абас, но не можел да ги слушне од Ибн Абас ниту можел да го види, бидејќи меѓу нив двајца има голема временска разлика.

НИВНИ ДОКАЗИ ОД СУННЕТ **(ХАДИСИ)**

Прво од суннетот кој го земаат како доказ:

Од Ибн Абас се пренесува дека рекол: „Аллаховиот Пратеник ﷺ на денот на колење на курбани го поставил Фадл ибн Аббас радијаллаху анху, кој бил познат како убав младич, на неговиот коњ. Тој ден Пратеникот ﷺ одговарал на некои прашања и во тој момент му се приближила некоја жена со светло лице. Фадл ја погледна и се воодушевил од нејзината убавина. Аллаховиот Пратеник ﷺ свртувајќи се забележа дека Фадл гледа во неа. Го фатил за брадата и му го свртил лицето на другата страна“.[124]

Овој хадис е даиф (слаб и неприфатлив) бидејќи во неговиот ланец се наоѓа АбдурРахман ибн Харис ибн Ајаш ибн Еби Рабија, за кого Ахмад, Насаи и Али ел-Мадини рекоа дека е слаб пренесувач.

[124] Хадисот го бележи Ебу Давуд ен Несаи и др.

На слабоста на ова предание укажува и фактот што во други автентични преданија од овој хадис се наведува дека Аллаховиот Пратеник ﷺ го ставил Фадл на својот коњ кога тргнале од Музделифе кон Мина, а во ова предание се спомнува дека тоа го направил кога ја поминале долината Мухасир. Точно е дека случката се случила на денот на курбан рано наутро, додека Аллаховиот Пратеник ﷺ се движел од Муздалифе кон Мина и дека жената која го постави прашањето беше во ихрам,[125]

Вели хафиз Ибн Хаџер ел-Аскелани: „Контроверзно е да се користи овој хадис за дозвола за откривање на лицето, бидејќи споменатата жена била во ихрам“.[126]

И со сето тоа, овој хадис (како што спомнавме погоре) е даиф (слаб и неприфатлив).

[125] Поледни Сахих Муслим 3/ 414.
[126] Фетхул Бари.

Второ од суннетот што го земаат како доказ:

Раскажува Аиша радијаллаху анха дека нејзината сестра Есма облечена во прозирна облека, влегла во собата каде што бил Пратеникот ﷺ, па се свртел од неа и рекол : „**Есма, кога жената ќе наполни полнолетство, не смее да покажува од своето тело** (ништо друго) **освен ова и ова**“, ...покажувајќи на лицето и рацете,[127]

Овој хадис не може да се смета како доказ за дозволеноста на откривање на лицето од дури 3 причини:

а) Докажано е дека Халид ибн Дурејк, кој го пренесува овој настан од Аиша, не го слушнал овој хадис од неа. Имено, самиот Ебу Давуд, откако го забележал овој хадис, нагласил дека е мурсел (прекинат). Тоа е всушност она што значи дека хадисот е и даиф (слаб и неприфатлив), бидејќи нема поврзан ланец на пренесувачи.

б) Во ланецот на овој хадис е Саид ибн Бешир, кој научниците во хадис го карактеризираат како слаб

[127] Хадисот го бележи Ебу Давуд и кажува дека е мурсел

пренесувач, особено во хадисите што ги пренесува од Катаде, а ова е еден од тие хадиси.[128]

в) Подоцнежната практика на Есма радијаллаху анха, која овде наводно била предупредена од Аллаховиот Пратеник ﷺ дека мора да покрива сè освен лицето и рацете. Во прилог на аргументот дека покривањето на лицето е задолжително и покажува дека овој хадис е слаб. Имено, од автентичните хадиси дознаваме дека Есма носела никаб, односно го покривала лицето.[129]

Трето од суннетот што го земаат како доказ:

Пренесено е од Џабир радијаллаху анху дека рекол: Присуствував на Бајрам намаз во времето на Аллаховиот Пратеник ﷺ. Првото нешто што го направил Аллаховиот Пратеник ﷺ тој ден, е клањал намаз во кои не се учи ниту езан ниту икамет(бајрам намаза). После тоа стана, се потпре

[128] Текрибут Техзиб 173.

[129] Погледни хадис бр.2 и рајот на хадисот бр.20

на Билал и ги советуваше луѓето да бидат богобојазливи и послушни на Аллах и Неговиот Пратеник. Откако завршил со зборувањето и потсетувањето, отишол кај жените и им дал совети. Тој ги потсети на Аллах и им рече: **„Трошете на Аллаховиот пат; повеќето од вас (**жените**) ќе бидат џехеннемско гориво!'** Потоа една жена стана, со црно и изобличено лице, и рече: „Алахов Пратенику, зошто е тоа?“ **„Затоа што многу се жалите и го негирате милосрдието на вашите сопрузи**“, одговори Аллаховиот Пратеник, ﷺ.[130]

Зборовите на Џабир: „...жена со црно и изобличено лице...“

...покажува дека нејзиното лице не било покриено и дека Џабир го видел тоа.

Меѓутоа, во некои преписи од збирката хадиси на Муслим наместо „...стана жена со црно и изобличено лице...“

се вели: „...стана жена од пониска класа, со црно и изобличено лице...“.

Ова е наведено и во пренесувањата од истиот хадис запишани од Ахмед, Несаи, ед-Дареми,

[130] Хадисот го бележи Муслим

Бејхеки и Ибн Ебу Шејбе. Ова го менува значењето и се подразбира дека се работи за робинка („...жена од пониска класа...“), а на робинките им е дозволено да ги откријат своите лица.[131]

А ние имаме јасен доказ дека на робинките им е дозволено да ги откриваат лицата, во сахих хадис од Енес радијаллаху анху кој вели:

„Аллаховиот Пратеник ﷺ, остана три дена помеѓу Хајбер и Медина за да го прослави својот брак со Сафија... Луѓето рекоа: „Ако ја затскрива(покрие) од поглед, ја зема за жена, а ако не, ја зема за робинка“[132].

Според тоа, ако споменатата непокриена жена била робинка, нејзиното откривање на лицето (како робинка) не може да биде доказ за дозвола за откривање на лицето на слободните жени, бидејќи прописот за покривање на лицето е различен за слободните жени и робинките.

[131] Погледни 11 курански доказ и коментар од Табери и Куртуби на тој ајет.
[132] Хадисот го бележи Бухари.

Потоа, постои и можност да се работи за постара жена или да се случило пред да им се нареди на жените да ги покријат лицата.

А научниците на усулу-фикх велат: „Сè додека постои можност Куранскиот и хадискиот текст да се разберат на повеќе од еден начин - тој не може категорично да се користи како доказ за едно од тие толкувања“.

Четврто од суннетот што го земаат како доказ:

Од Фатима бинт Кејс радијаллаху анха се пренесува дека Аллаховиот Пратеник ﷺ по смртта на нејзиниот сопруг и наредил да чека (помине иддет) во куќата на Умму Шерик, богата енсаријка, која делела многу на Аллаховиот пат и била домаќинка која угостувала голем број луѓе. Кога Фатима се подготвила да ја изврши неговата наредба, Аллаховиот Пратеник ﷺ се предомислил и ѝ рекол:

„Не! Немој да одиш кај Умму Шерик! Голем број луѓе ја посетуваат и се плашам дека ќе ви падне химарот или ќе ви се открие подколеницата, па

луѓето ќе го видат она што вие не би сакале да го видат. Наместо тоа, оди кај твојот чичко Абдулах ибн Умми Мектум (тој бил слеп).“[133]

Аллаховиот Пратеник ﷺ се плашеше да не падне химарот на Фатима и луѓето да не видат што има под него. Што е „химар“?

Албани го протолкувал зборот „химар“ како „покривка за косата“, па тоа би значело дека Аллаховиот Пратеник ﷺ се плашел дека (ако во овој случај и падне химарот) косата на Фатима ќе им биде видлива на луѓето. Тоа индиректно би значело дозвола за откривање на лицето, бидејќи тој не спомнал дека се плаши да го открие своето лице.

Сепак, таквото толкување не е прифатливо. Зборот „химар“ во арапскиот јазик има пошироко значење и поправилно е да се каже дека тој е „покривка“ општа. Затоа што во арапскиот јазик „тахмир“ значи „покривање“ или „криење“.

[133] Хадисот го бележи Муслим

Во хадисот е спомнато дека Аиша рекла: „фе хаммерту вејхи би ҷилбаб...“ („Го покрив лицето со ҷилбаб...“).[134]

„Химар го има значењето на се што покрива нешто. Во значењето на покривање жена пред мажи (странци), химар значи превез со кој жената ја покрива целата глава.“[135]

„Химар стана познат како парче облека со кое жена ја покрива главата.[136]

Сам Албани во својата книга „Ҷилбабул- мер’ етилмуслиме“ ги цитира стиховите на Ебу Али Ет-Тенухи во кои тој го нарекува покривачот на лицето „химар“. Тој вели:

„Светли химар и твоето лице под него,
само ме чуди како не гори
од јачината на светлината.’’

Затоа, зборот химар не може толку тесно да се толкува (како „покривка за коса“) и да докаже дека Аллаховиот Пратеник ﷺ се плашел од можното

[134] Хадисот го бележи Бухари.
[135] Ез Зубејди -Таџул арус- корен -хмр-.
[136] Ер Рагиб ел Исфахани – Ел Муфредат- корен -хмр- 109 стр.

откривање на косата на Фатима, а да не стане збор за лицето...

Петто од суннетот што го земаат како доказ:

Пренесено е од Ибн Абас, радијаллаху анху, дека тој кажа: „Бев со Аллаховиот Пратеник ﷺ, на бајрам намазот, кога го кланаше намазот, одржа худба, а потоа отиде кај жените, ги советуваше, ги потсети на Аллах и им наредил да трошат на Аллаховиот пат. Ги видов нивните раце, додека даваа садака во тоа што го држеше Билал“[137]

На прв поглед, хадисот укажува дека Ибн Абас радијаллаху анху видел женски раце непокриени, поради тоа може да се вклучи во доказите на оние кои дозволуваат жената да ги открие рацете и лицето.

Но, тоа не е така. Ибн Абас не нагласи јасно дека нивните раце се откриени.

А и да беше така, нему како дете му беше дозволено да гледа женски раце.

[137] Хадисот го бележи Бухари и други.

На почетокот на пренесувањето на Бухари, Ибн Абас вели: „Да не бев дете, не можев да присуствувам со нив“.[138]

Шесто од суннетот што го земаат како доказ:

Пренесено е од Аиша дека таа рекла: „Хинд бинт Утбе дојде кај Аллаховиот Пратеник ﷺ, и рече: „Аллахов Пратенику, сакам да дадам присега (заклетва на верност). Аллаховиот Пратеник ﷺ и рекол: „**Нема да ја прифатам твојата заклетва додека не го промениш изгледот на твоите дланки, кои се слични на sверски отколку на човечки**“. “[139]

Овој хадис е исклучително слаб (даиф) и не може да се земе како доказ под никакви околности. Имено, во ланецот на овој хадис има дури три непознати пренесувачи: Гибта бинт Амр ел-Муџашија, нејзината тетка Умул-Хасан и нејзината баба.

[138] Фетхул Бари 2/465.

[139] Хадисот го бележи Ебу Давуд

На слабоста на овој хадис укажуваат и зборовите на Аиша радијаллаху анха: “Се колнам во Аллах, раката на Аллаховиот Пратеник ﷺ никогаш не допрела (фатила) раце на туѓа жена.”[140]

[140] Хадисот го бележи Бухари и Муслим

Завршен збор

Денеска има и такви кои им дозволуваат на своите сопруги да излезат со непокриени лица меѓу неверниците, додека во своите домови ги кријат своите жени од гостите, муслимани.

Токму оваа контрадикторност во постапките на овие луѓе е јасен логичен доказ за покривање на лицето.

Ако жената го открие своето лице, таа директно и свесно ги привлекува погледите на мажите и станува предмет на коментари, описи, полемики кај машкиот пол.

Како што рече поетот:

„Прво површен поглед, па потоа подолг,
па насмевка, па селам, па неколку зборови,
па средба, па излегување,
па осамување, па потоа...“

Ова е мудроста на наредбата да се покрие лицето.

Жената што го покрива лицето ги спречува на овие работи. Дури и ако мажите немаат богоплашливост и немаат срам, ако не сакаат да го спуштат погледот, во случајот на жена со покриено лице, тие расипани луѓе не можат да уживаат во нејзината убавина.

Жената со покриено лице не остава ништо да ги привлече мажите, од нејзиниот изглед не можат да препознаат дали е убава или грда жена, стара или млада,...

Таа вистински се покри, се скри, се склона од машките очи, покри сè што можеше, „...**освен она што и онака е надворешно**...“, нејзината висина, структура (градба) и облеката.

Мешање и покажување женски лица на непознати не е дозволено во куќата, па како може да се дозволи надвор од дома?

Кога Аллаховиот Пратеник ﷺ излегол од џамијата и забележал дека жените и мажите се измешале надвор, им рекол на жените да се засолнат одзади и им рекол:

„Не е достојно(пристојно) да се движите на сред улица“.

По оваа наредба, жените одеа толку блиску до ѕидовите на куќите, што им се лепеше облеката за ѕидовите.[141]

Сестро, после ова, потребно е да се разјаснат условите кои мора да се исполнат во хиџабот. Што е тоа и кои се доказите за тоа?

Прво: Хиџабот мора да ги покрива сите интимни делови. Возвишениот Аллах рече: **А кажи им на верничките нека ги спуштат погледите свои и нека ги чуваат срамните места свои; и нека не ги покажуваат украсите свои освен тоа што е и онака надворешно, и нека ги спуштат веловите свои на градите свои**;.

Мајката на верниците Аиша, радијаллаху анха рече: „Аллах да им се смилува на првите жени мухаџирки. Кога Возвишениот Аллах објави „**И нека ги спуштат веловите свои над градите**“, ги раскинаа наметките и се покриваа со нив,. (Научниците рекоа: „ги покриваа лицата“).

Второ: Хиџабот не треба да биде украс сам по себе. Или блескав, со привлечни бои кои го привлекуваат погледот, или светли, сјајни или украсени, како што вели Семоќниот Аллах: (**и нека**

[141] Ебу Давуд

не ги покажуваат украсите свои освен тоа што е и онака надворешно.)

Благородниот Асхаб Ибн Месуд, радијаллаху анху, рекол во своето толкување на Ајетот: (**освен тоа што е и онака надворешно**) дека тоа е облеката.

Трето: Превезот треба да биде густ, дебел и лабав, не прозирен или да го открива телото одоздола, како што рекол Пратеникот ﷺ : (Два видови на луѓе од џеханнемскиот оган сеуште не сум видел: луѓе со камшици како опашката на добитокот со кои ги тепаат луѓето, и жени кои се облечени, но голи, кои другите ги заведуваат, со главите како наваленитe грпки на камилата. Тие нема да влезат во Џеннетот, ниту ќе го помирисаат неговиот мирис, иако неговиот мирис може да се почуствува од таква и таква далечина.) Односно: тие носеа тенка, лесна облека што опишуваше, но не покриваше.

Внимавајте: да не излезете од вашиот дом намирисани и размислете што рекол нашиот Пратеник ﷺ за жената која излегува намирисана и минува покрај мажи : *(Секое око прави прељуба (зина), а ако жената става парфем и помине*

покрај група луѓе, таа е таква и таква, што значи прељубница.)

Го молам Семоќниот Аллах овие зборови да најдат место во твоето срце за да станат реалност во твојот живот.

О Аллах, заштити ги интимните делови на муслиманките и дарувајни нам и на нашите сестри добар крај.

Аллах е Давателот на успехот и Тој води кон правиот пат.

Амин

Нашата последна дова е: Фала му на Аллах, Господарот на сите светови.

Правилниот исламски хиџаб

СОДРЖИНА

Вовед:..... 3

ДОКАЗИ ОД КУР'АН 6

Докази од суннет..... 23

ОД ГОВОРОТ НА НАУЧНИЦИТЕ..... 55

Докази на оние кои го дозволуваат откривањето на лицето..... 67

НИВНИТЕ ДОКАЗИ ОД КУРАНОТ..... 69

НИВНИ ДОКАЗИ ОД СУННЕТ 72

Завршен збор..... 84

Го молам возвишениот Аллах, оваа книга да биде од корист. Аллах да ги награди сите кои учествоваа во оваа хајр дело, да го најдат на вагата во добрите дела на судниот ден.

Напомена! Секое копирање ,и вадење текстови без дозвола од издавачот е многу пожелно и пофално.

Тираж 300 2024/1446